## РОБЕРТ ЈАНКУЛОВСКИ ПО АВСТРИЈА

# Фотографијата како медиум

Неодамна, македонскиот фотограф, Роберт Јанкуловски, се врати од Хорн, Австрија, каде што учествуваше во еден проект, насловен „Фотографија„ во организација на Култур контакт од Виена. Роберт конкурираше со комплетно портфолио и беше избран меѓу десетте фотографи од Источна Европа.

„Изложбата се одржува секоја година и функционира како фотографска колонија, односно фотографска работилница. Во проектот учествуваа навистина одлични и реномирани автори како Михал Мацку, кој веќе е влезен во монографијата „Фотографија на дваесетиот век„ Сергеј Брактов, кој досега изложувал неколку пати во Америка...„ вели Јанкуловски за „Македонија денес„. „Бевме сместени во еден средновековен манастир, кој денес функционира како културен центар на овој град. На располагање имавме лабораторија и материјали за работа, додека темата и идејата беше слободна. Ни беше понудена можност да донесеме веќе направени фотографии од земјата од која што доаѓавме, но сепак, голема штета беше при такви услови да не се сработи некое креативно уметничко дело. Направив три инсталации или фото објекти„.

Проектот „Зборување„ претставува прва презентирана работа од циклусот „Стереографии„ кои Јанкуловски почна да ги работи неодамна.

Другата инсталација, наречена „Единаесет луѓе од Хорн снимани без нивно знаење„ е серија портрети преснимени од нагробни споменици, во мали рамки, обесени во еден тесен ходник од Галеријата. „Проектот„ вели Јанкуловски „се разбира, располага со доза на иронија, бидејќи се работи за фотографии снимени од надгробните плочи на починати луѓе, со цел да им се даде „живот„.





Третата инсталација изработена вп Австрија претставува вазни со цвеќиња снимени на гробишта. „На прв поглед„ вели авторот „фотографијата делува како мртва природа, но, веќе на втор поглед кога подобро ќе се види фотографијата се доживува во нејзината првостепена суштина и се чувствува морбидност и нелагодност. Добивката од овој настан, пред се, беше дружењето и познанствата. Изложбата функционираше како споредна работа што се случи„ констатира Роберт.

По враќањето од Австрија, Јанкуловски доби покана да учествува на еден меѓународен проект наречен „Летрбокс„ кој се одвива во овогодишната европска културна престолнина, Вајмар.

**И.Т.**

МД, 12.3.99/12